СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх. бр. 03-1393/1
22.06. 2016 год.
СКОПЈЕ

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница
Бр. 0302-1-104/16
22.06 2016 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
Адреса: Улица 9 „бб.", 1041 Илинден, Р. Македонија
Претставувана од: Жика Стојановски, Градоначалник

и

**СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА**
Адреса: Бул. М. Т. Гологанов Бр. 1, 1000 Скопје, Р. Македонија
Претставувана од: Данела Арсовска, Претседател

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој меморандум за соработка, Општината Илинден и Сојуз на стопански комори на Македонија воспоставуваат меѓусебна соработка за формирање на Деловен клуб во општина Илинден кој ќе биде составен од претставници на компании од различни дејности, од општина Илинден, и претставници на менаџментот на Општината Илинден.

Член 2

Цели за формирање на деловниот клуб се:

- воспоставување, поттикнување и развој на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор;
- стимулирање и поддржување на приватниот сектор за учество во взаемниот дијалог;
- воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем и претприемништвото;
- размена на мислења и информации и постигнување на согласност околу важни економско-деловни прашања од делокругот на локалната самоуправа;
- покренување на заеднички иницијативи за измена на постоечки и донесување на одлуки од надлежност на локалната самоуправа;
- следење и давање оценки на влијанието на локалните политики врз економската и социјалната стабилност, развојот и животниот стандард во општината;
- следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд;
- разгледување и предлагање мерки за унапредување на квалитетот на животот на граѓаните во општината.

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Член 3

Општината Илинден и Сојуз на стопански комори на Македонија се согласуваат за воспоставување на постојана комуникација и навремено информирање за сите активности и овозможување на редовни презентации на инвестициски и бизнис можности на Општината Илинден пред компаниите членовите на Сојуз на стопански комори на Македонија.

Доколку има потреба, Општината Илинден и Сојуз на стопански комори на Македонија ќе ги координираат нивните заеднички договорени активности со трети органи на државната управа или други комори и организации во Македонија кои што се релевантни за реализацијата на планираните активности наведени во членот 2 од овој меморандум за соработка.

Член 4

Во случај на објективна спреченост за целосно и навремено остварување на членовите 1, 2, 3 од овој меморандум за соработка, Општина Илинден и Сојуз на стопански комори на Македонија ќе доставaт навремено образложение во писмена форма за причините за таквата спреченост.

Член 5

Овој Меморандум за соработка се склучува на неопределен период.

| Општина Илинден | Сојуз на стопански комори на Македонија |
| --- | --- |
| **Жика Стојановски** | **Данела Арсовска** |
| **Градоначалник** | **Претседател** |